

## ИСЕЛЕНИЧКАТА ФОНДАЦИЈА „ПЕТАР СТАМАТОВ“ НА УКИМ

***За Смилевскиот конгрес, кој се одржал во родното место на донаторот Петар Стаматов, исто така пишувале голем број научници и интелектуалци. Во оваа пригода, меѓу другите материјали, го користевме делото “100 години Илинден – Смилевска Република – Комуна”, Смилево-Битола, 2003 година, од смилеецот д-р Душан Хр. Константинов. Тој е човекот кој се посветил на осветлување на македонската вистина, со особена нагласка на неговото Смилево и Битола.***

Според неговите податоци, меѓу другото, се вели дека во Битолскиот револуционерен округ постоеле солидни организациски основи и развиена мрежа на Организацијата. Во него експлоатацијата на масите од органите на власта, честите разбојништва и тешката економска положба на населението, ја правеле положбата неподнослива. Поради тоа, определбата за востание во овој округ била поизразена, но не во сите негови околии. Бунтовната атмосфера, зачестените атентати, како и раздвиженоста на четите, уште повеќе ги револуционизирало народните маси, посебно селата.

На определбата што поскоро да има востание силно влијание извршиле и врховистите со својата смислена пропаганда дека Бугарија веднаш ќе интервенира. Определено влијание било извршено и со одлуката на ЦК печалбарите да се вратат во Македонија. Од овој округ нивниот број бил поприличен и тие станувале нетпеливи. Ете, во една таква состојба бил свикан конгрес на Битолскиот револуционерен округ во с. Смилево. Решението за подигање востание требало да го донесат револуционерните окрузи.

Конгресот во Смилево се одржал во времето од 2 до 7 мај 1903 година (од 19 до 24 април, стар стил). Конгресот започнал со работа иако не биле пристигнати делегатите од сите ревоуционерни околии. Во текот на работата, на Конгресот пристигнале делегатите од Крушевско, Порече, Демирхисарско, Охридско и од Кичевско.

За вкупниот број присутните на Конгресот има различни податоци. Според Славејко Арсов, тој започнал со 32 делегати, а Христо Силјанов наведува дека таа бројка достигнала 50. Сепак, врз основа на имињата што се забележани во протоколите од Конгресот, во спомените на Славејко Арсов и во пишувањето на Ангел Динев и Христо Силјанов, може да се заклучи дека на Конгресот присуствувале 38 души.


ВМРО


ДАМЕ ГРУЕВ



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**